# ANALYSIS OF THE QUALITY OF LIFE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Irena Lekoska**
Yahya Kemal College – Struga, Republic of N. Macedonia, ilekoska@yahoo.com

**Abstract:** Nowadays, when the world economies are not yet completely released from the destructive effects of the last global financial crisis and still are feeling intensely the shocks caused by daily economic events, the dilemma arises whether humanity as a whole has a satisfactory quality of life, or whether it lives within dignified human existence. This dilemma is particularly present in small emerging economies, with a special focus on transitional economies, which are still at the beginning of a bumpy road to economic development and prosperity.

In recent years, the issue of quality of life has become quite an interesting topic and has been the subject of research in the fields of economics, psychology, clinical medicine, health care, philosophy and sociological sciences. Understanding and evaluating this concept has gone through a long period of evolution. Over the years, the term of quality of life, standard of living, and welfare have been perceived as identical terms, even today their connection is so strong that it is almost impossible to talk about one term without mentioning the others.

The question of the quality of human life is an inexhaustible source, so, that is, the inspiration of numerous scientists from all fields of science, with a particular emphasis on economists. To perceive or measure the quality of human life is a complex problem that can never be completely exhausted or clarified with certainty. This is due to the fact that the term "quality of life" itself has a multidimensional character and it is extremely difficult to find all the indicators that would explain this concept and determine its true value.

Therefore, the goal of this paper is to analyze certain economic indicators that will enable us to make an adequate assessment, or measure the quality of life. The main emphasis of the paper is on the evaluation of relevant indicators of quality of life in North Macedonia and based on comparative analysis has been concluded that our country is positioned on the lower margins of dignified and quality life.

Because of this situation, certain measures have been taken, in order to identify the most important strategic priorities of our country. The realization of these strategic priorities and the appropriate allocation of budget funds will ensure higher growth rates of the Macedonian economy in the coming period, with simultaneous improving of the quality of life and living standard of the population.

**Keywords:** quality of life, standard of living, welfare, GDP, economy,

# АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ирена Лекоска**
„Јахја Кемал“, Струга, Република С. Македонија, e-mail:ilekoska@yahoo.com

**Резиме:** Денес, кога светските економии сеуште не се целосно ослободени од деструктивните влијанија на последната глобална финансиска криза, а интензивно ги чувствуваат потресите предизвикани од секојдневните економски збиднувања, неминовно се поставува дилемата дали човештвото во целина има задоволителен квалитет на живот, односно дали живее во рамките на достоинствено човечко егзистирање. Оваа дилема е особено присутна кај малите економии во развој, со посебен осврт на транзиционите економии, кои сеуште се наоѓаат на почетокот на еден трнлив пат кон економски развој и благосостојба.

Во последниве години, прашањето за квалитетот на животот станува прилично интересна тема и претставува предмет на истражување во областа на економијата, психологијата, клиничката медицина, здравствената заштита, филозофијата и социолошките науки. Разбирањето и евалуацијата на овој концепт поминало низ еден долг период на еволуција. Низ годините, поимите ***квалитет на живот (quality of life), животен стандард (standard of living), благосостојба (welfare)*** се согледувани како идентични поими, дури и денес нивната поврзаност е толку силна, така што е речиси невозможно да се зборува за еден поим, а да не се споменат и другите.

Прашањето за квалитот на човечкиот живот претставува непресушен извор, односно инспирација на бројни научници од сите научни области, со посебен осврт на економистите. Да се согледа или измери квалитетот на човечкиот живот е комплексна проблематика која со сигурност никогаш не може целосно да биде

исцрпена или разјаснета. Тоа е поради фактот што самиот поим "квалитет на живот" има мултидимензионална карактеристика и исклучително е тешко да се изнајдат сите индикатори кои би го појасниле овој поим и би ја одределе неговата вистинска вредност.
Затоа целта на овој труд е анализа на одредени економски индикатори со чија помош ќе можеме да направиме адекватна проценка, односно да го измериме квалитетот на живот. Главен акцент на трудот е ставен врз евалуацијата на релевантните показатели на квалитетот на живот во Северна Македонија и врз основа на компаративната анализа е заклучено дека нашата земја е позиционирана на самите маргини на достоинствен и квалитетен живот.
Поради тоа се идентификувани најважните стратешки приоритети на нашата земја. Реализацијата на овие стратешки приоритети и соодветните алокации на буџетските средства, во наредниот период ќе обезбедат повисоки стапки на раст на македонската економија, со едновремено подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард на населението.

**Клучни зборови:** квалитет на живот, животен стандард, бруто домашен производ, економии.

## 1. ВОВЕД

Концептот на квалитет на живот е тесно поврзан со поимите на благосостојба и животен стандард. ***Благосостојбата*** може да биде третирана во потесна, поширока и најширока смисла. Во потесна смисла, се состои од потрошувачка на материјални добра, духовни добра и услуги од страна на населението, но само на оние блага кои општеството ги става на бесплатно користење, при што користењето е подеднакво за сите. Во поширока смисла, благосостојбата ја вклучува и потрошувачката која преставува уживање на материјални добра, духовни добра и услуги, кои домаќинствата ги набавуваат од сопствени доходи. Во најширока смисла, пак, благосостојбата го вклучува и уживањето на хуманите и етичките вредности (социјална еднаквост, лична слобода, меѓучовечки односи, демократија, итн.). Оттука и "државата на благосостојба" може да се дефинира како држава која настојува да постигне благосостојба во сите три претходно споменати аспекти (Узунов, Н., 1986).
***Животниот стандард*** претставува нивото на благосостојба кое е достапно до поединците или група на луѓе. Се однесува на тоа колку лесно луѓето можат да ги задоволат своите потреби. Ги опфаќа условите во кои живеат луѓето, стоките и услугите кои можат да ги консумираат и ресурсите до кои имаат пристап. Животниот стандард зависи од квалитетот и квантитетот на расположливите ресурси.
Мерењето на животниот стандард најчесто се врши преку неколку мерила како што се производство по жител, мерено како БДП (GDP- Gross domestic product) или БНП (GNP – Gross national product) по глава на жител.
Според пристапот на Eurofound, поимот ***"квалитет на живот"*** претставува поширок концепт од поимот ***"животен стандард"*** и се однесува на целокупната благосостојба на поединците во општеството. Квалитетот на живот е концепт кој идентификува бројни димензии од целокупното човечко постоење (Third European Quality of Life Survey, 2012).
Овој концепт опфаќа две перцепции, објективна (заеднички материјални ресурси, здравје, работен статус, животни услови и многу други), како и субјективна перцепција која зависи од приоритети и потребите на граѓаните.

## 2. АНАЛИЗА И МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со цел да направиме адекватна проценка, односно да го измериме квалитетот на живот во нашата земја, ќе извршиме анализа на одредени економски индикатори. Со оглед на фактот што бруто домашниот производ по глава на жител и покрај неговите слаби страни претставува еден од најрелевантните индикатори на економската благосостојба во една земја, односно на квалитетот на живот, во продолжение ќе извршиме компаративна анализа на бруто домашниот производ по глава на жител (GDP per capita) во Македонија и неколку земји во Европа (види Табела 1).

*Табела 1: Бруто домашен производ по глава на жител (GDP per capita).*

| Земја | GDP per capita (Nominal) ($) | | | Rank (Nominal) | | GDP per capita (PPP) (Int. $) | | | Rank (PPP) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | промена | Европа | Светот | 2015 | 2016 | промена | Европа | Светот |
| Албанија | 3,946 | 4,210 | 264 | 40 | 106 | 11,304 | 11,861 | 556 | 40 | 98 |
| Арменија | 3,521 | 3,596 | 75 | 43 | 118 | 8,492 | 8,881 | 389 | 43 | 114 |
| Австрија | 43,414 | 44,561 | 1,148 | 10 | 15 | 46,986 | 47,856 | 870 | 10 | 21 |
| Белгија | 40,529 | 41,491 | 962 | 13 | 20 | 44,148 | 44,881 | 734 | 12 | 25 |
| Босна и Херцеговина | 4,140 | 4,289 | 149 | 39 | 105 | 10,550 | 11,034 | 484 | 41 | 107 |
| Бугарија | 6,843 | 7,091 | 248 | 34 | 80 | 19,169 | 20,116 | 947 | 34 | 66 |
| Хрватска | 11,573 | 11,858 | 286 | 30 | 61 | 21,625 | 22,415 | 790 | 31 | 60 |
| Данска | 52,139 | 53,243 | 1,104 | 6 | 9 | 45,723 | 46,603 | 879 | 11 | 23 |
| Естонија | 17,288 | 17,896 | 608 | 24 | 43 | 28,650 | 29,502 | 852 | 24 | 45 |
| Финска | 42,414 | 43,492 | 1,078 | 11 | 16 | 41,109 | 41,813 | 704 | 15 | 29 |
| Франција | 37,653 | 38,537 | 883 | 15 | 22 | 41,476 | 42,384 | 908 | 14 | 28 |
| Северна Македонија | 4,871 | 5,060 | 189 | 38 | 96 | 14,048 | 14,530 | 483 | 38 | 88 |
| Германија | 40,952 | 42,326 | 1,374 | 12 | 18 | 46,974 | 48,190 | 1,216 | 8 | 19 |
| Грција | 17,989 | 18,078 | 89 | 23 | 42 | 26,391 | 26,809 | 418 | 28 | 51 |
| Унгарија | 12,240 | 11,903 | -337 | 29 | 60 | 26,275 | 27,211 | 935 | 27 | 50 |

Извор: International Monetary Fund World Economic Outlook (October - 2016)26.04.2018

Од податоците во табелата недвосмислено јасно може да се заклучи дека Македонија, заедно со Албанија и Босна и Херцеговина имаат најмала вредност на бруто домашниот производ по глава на жител, што само посебе зборува за степенот на економска развиеност на овие земји и тоа колкав е квалитетот на живот во споредба со европските земји. Можеме да согледаме дека, нашата земја, според бруто домашниот производ по глава на жител, е рангирана на 38 место во Европа и 96 место во светот.

Со цел да извршиме една посеопфатна анализа за квалитетот на живот во Република Северна Македонија ќе согледаме уште еден индикатор, а тоа е ***Индексот за човечки развој (Human Development Index (HDI)***. Овој Индекс е композитен индекс кој ги мери просечните постигнувања во три основни димензии на човековиот развој: долг и здрав живот, знаење и достоинствени услови за живот. Според податоците на (UNDP, 2016), во групата на земји со многу висок степен на човечки развој за 2015 година спаѓаат: Норвешка – 0,949; Австралија – 0,930; Швајцарија – 0,939; Германија – 0,926.

Според (UNDP, 2016), Република Северна Македонија е рангирана на 82 позиција и спаѓа во групата на земји со висок степен на човечки развој кој изнесува – 0,748.

Во продолжение се презентираме неколку индикатори на човечкиот развој во нашата земја:

- Очекувано траење на живот (Life expectancy at birth (years)) – 75,5;
- Очекувани години за школување (Expected years of schooling (years)) – 12,9;
- Бруто национален приход по глава на жител (Gross national income (GNI) per capita (2011 PPP$) – 12,405;
- Индекс за човечки развој прилагоден на нееднаквоста (Inequality-adjusted HDI (IHDI) – 0,623;
- Мултидимензионален индекс на сиромаштија (Multidimensional Poverty Index (MPI)- 0,007;
- Вработеноста во соднос на популацијата (над 15 години ) Employment to population ratio (% ages 15 and older) – 40,9;
- Корисници на Интернет (Internet users (% of population)) – 70,4.

Нивото на квалитетот на живот во Република Северна Македонија може да се потврди и преку анализата на консултантската фирма за глобален менаџмент, Бостон консалтинг груп – БКГ (Boston Consalting Group,) која е направена во 2016 година. Во својот извештај оваа фирма ја сместува Македонија на последното место во Европа по квалитетот на живеење. БКГ, која е една од водечките светски советнички фирми за бизнис-стратегии, ја мери „одржливата благосостојба“ врз основа на 44 различни индикатори, меѓу кои БДП по жител, стапката на невработеност, инфлацијата, распространетоста на болестите, очекуваниот животен век, слободата на печатот и многу повеќе. Оваа консалтинг фирма при мерењето на квалитетот на живот, како што истакнавме, применува повеќе индикатори, а нејзина девиза е дека: "парите сами по себе не можат да ја купат твојата среќа".
На Сликата 1 се презентирани податоци за варирањето на квалитетот на живот помеѓу земјите.

***Слика 1: Мерење на квалитетот на живот***




Извор: Boston Consalting Group.

Највисока оценка за квалитетот на живот според ова мерење изнесува 100. Според податоците од сликата, Република Северна Македонија се наоѓа на последно место во Европа со оценка 42,9 и заостанува зад Црна Гора со 43,3 и Молдавија со 44,5.
Во продолжение користејќи го ***Индексот за квалитет на живот (Quality of Life Index)*** ќе направиме една компаративна анализа помеѓу нашата земја и неколку земји од Европа со цел да добиеме појасна слика за квалитетот на живот кај нас и во развиените земји на ЕУ.
Во табелата 2, се презентирани неколку индикатори кои го одредуваат квалитетот на живот, а тоа се: Индексот на купувачка моќ (Purchasing Power Index), Индексот за здравствена грижа (Health Care Index), Индексот за безбедност (Safety Index), Индексот за трошоци на живот (Cost of Living Index), Односот вредност на имот/приход (Property Price to Income Ratio), Индекс на време поминато во сообраќај (Traffic Commute Time Index), Индексот на загадување (Pollution Index) и Климатскиот Индекс (Climate Index).

*Табела 2: Индекси за квалитет на живот*

| Земја | Quality of Life Index | Purchasing Power Index | Safety Index | Health Care Index | Cost of Living Index | Property Price to Income Ratio | Traffic Commute Time Index | Pollution Index | Climate Index |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Данска | 197,75 | 117,53 | 77.98 | 77,07 | 93,30 | 7,22 | 28,53 | 23,60 | 82,42 |
| Холандија | 191,25 | 109,48 | 71,06 | 81,08 | 82,69 | 6,74 | 32,73 | 27,16 | 86,93 |
| Германија | 190,04 | 125,01 | 63,35 | 75,44 | 74,35 | 8,05 | 31,25 | 27,32 | 82,53 |
| САД | 180,56 | 127,62 | 50,42 | 68,38 | 72,95 | 3,34 | 34,74 | 31,70 | 78,23 |
| Босна и Херцеговина | 129,33 | 52,40 | 59,95 | 55,90 | 39,26 | 11,56 | 27,48 | 61,56 | 78,89 |
| Хрватска | 162,36 | 59,77 | 73,0 | 63,83 | 55,06 | 11,09 | 29,55 | 32,73 | 88,83 |
| Грција | 137,43 | 53,80 | 60,93 | 54,18 | 63,15 | 9,46 | 32,16 | 52,85 | 92,58 |
| Србија | 123,48 | 41,81 | 62,24 | 53,42 | 39,59 | 17,22 | 28,95 | 56,58 | 82,93 |
| Северна Македонија | 110,14 | 42,55 | 60,40 | 61,24 | 33,62 | 14,05 | 30,05 | 81,85 | 76,30 |

Извор:file:///C:/Documents%20and%20Settings/xp/My%20Documents/Quality%20of%20Life%20Index%20by%20Country%202018.htm.24.04.2018

Од податоците презентирани во табелата може да се согледа дека според збирните вредности на анализираните индекси, највисок индекс на квалитет на живот има Данска – 197,75, додека најнизок индекс на квалитет на живот има во Република Северна Македонија и тој изнесува 110,14. На приближно исто ниво како нас во однос на вредностите на индексот за квалитет на живот се наоѓаат Босна и Херцеговина – 129,33 и Србија – 123,48.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Од анализата на бројните индикатори за квалитетот на живот во Република Северна Македонија се заклучува дека таа споредена со високо развиените европски економии се наоѓа на самото дно во друштво на уште неколку земји од нашето опкружување (Србија, Албанија и Босна и Херцеговина).

Единствено според Индексот за човечки развој, Република Северна Македонија е рангирана на 82 позиција и спаѓа во групата на земји со висок степен на човечки развој кој изнесува – 0,748.

Наоѓајќи се на маргините на достоинствен и квалитетен живот во иднина неопходно е да се идентификуваат најважните стратешки приоритети на нашата земја, како што се:

- ❖ Долгорочно зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот;
- ❖ Насочување на инвестициите во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање на општество базирано на знаење;
- ❖ Развој на демократските процеси;
- ❖ Обезбедување сигурност и здравствена заштита на секој поединец;
- ❖ Почитување на човековите права, родова и етничка рамноправност; и сл.

Реализацијата на овие стратешки приоритети и соодветните алокации на буџетските средства, во наредниот период ќе обезбедат повисоки стапки на раст на македонската економија, со едновремено подобрување на квалитетот на животот и животниот стандард на населението.

**ЛИТЕРАТУРА**

Bertolini, P., (2019), *Overview of income and non-income rural poverty in developed countries*, Department of Economics Marco Biagi Center for the analysis of Public Policy (CAPP) University of Modena and Reggio Emilia (UNIMORE).

Boarini, R., Fabrice Murtin and Paul Schreyer, (2016), MULTI-DIMENSIONAL LIVING STANDARDS: A WELFARE MEASURE BASED ON PREFERENCES, WORKING PAPER No.72S, TD/DOC(2016)5.

Cazes, S., Hijzen, A., Saint-Martin, A., (2016*), Measuring and Assessing Job Quality*: the OECD Job Quality Framework, OECD SOCIAL, EMPLOYMENT AND MIGRATION WORKING PAPERS NO. 174.

Cvrlje, D., Coric. T. (2010), *Macro & micro aspects of standard of living and quality of life in a small transition economy: The case of Croatia*,FEB Working Paper No. 10-02, pg.4.

Eurofound, (2017), In-work poverty in the EU, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Eurofound, (2018), European Quality of Life Survey 2016: Quality Assessment (wpef18059 - 12/07/2018).

Eurofound, (2018), *Quality of life and public services- Local area aspects of quality of life: An illustrated framework*, wpef18008 - 08/06/2018).

International Monetary Fund, World Economic Outlook (October - 2016).

Kekic, L. (2005), The world's best country, The Economist. Printed in The World in 2005. Retrieved November 29, 2007 from http://www.economist.com/theWorldIn/international/displayStory.cfm?story%20id=3372495&d=2005.

Kennedy School of Government - Harvard University, 21st Century GDP: National Indicators for a New Era.

Quality of life in Europe, (2012): Impacts of the crisis, Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2012, pg. 10.

Skoglund, E., (2017), The happiness gap between transition and non-transition countries. IZA World of Labor 2017: 357.

Suresh Chand Aggarwal, (2015), *Quality of Life: Issues and challenges in Measurement*, IARIW-OECD Special Conference Issue IV: Measurement of Well-being.

*Thimphu, Bhutan., (2017), Gross National Happiness Commission - Royal Government of Bhutan*.

U.S. Department of Housing and Urban Development, (2015), The 2015 Point-in-Time Estimates of Homelessness: Volume I of the 2015 Annual Homelessness Assessment Report.

*Ura, Karma, Alkire, Sabina, Zangmo, Tshoki; Wangdi, Karma, (2017),* An Extensive Analysis of GNH Index *(PDF), Thimphu, Bhutan: The Centre for Bhutan Studies*.

USDA ERS, (2015) "Percent of consumer expenditures spent on food, alcoholic beverages, and tobacco that were consumed at home, by selected countries, 2014."

Државен завод за статистика на Република Македонија, 2017, 2018.

Узунов, Н., (1986): Современи економски системи- економска анализа на современиот свет, Култура, Скопје, стр.214.

http://hdr.undp.org/en/countries/profiles/MKD#.

http://iisp.vassar.edu/ish.html. 23.04.2018.

https://www.socialprogressindex.com/23.04.2018